**До: Сектор за урбанизам при општината**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

| Примено: 09.09.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 25 | 1205/1 | | |

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Листа на правни лица/агенции со кои општината има потпишано договор за користење простор за поставување билборди/ситилајти/мегаборд за рекламирање
2. Сите позиции одредени за билборди на општината (локација, адреса, GPS координати, опис, кому е доделена позицијата/правно лице/агенција)
3. Тип на билборди на територија на општината (бигборд, ситилајт, мегаборд (вклучително и уникатни шифри/кодови)
4. Вкупно доделени позиции/локации на маркетинг агенциите
5. Договорите кои се склучени со правните лица/агенциите

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **(г) електронски запис**
- д) друго ________________________________________

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **(г) е-маил**
- д) друго ________________________________________

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 08/09/2025_ година**

**Потпис**

[redacted]

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561
тел./tel/phone:+389 2 3127 453; +389 2 3118 038/ факс/faks/fax:+389 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
Бр. 25 - 1205/6
11.09 2025 год.
**РАНКОВЦЕ**

Врз основа на член 20 став 1 и член 34 став 1 алинеја 11 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 13 и член 24 став 1 и став 3 од ЗОУП („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), а по овластување на Градоначалникот на општина Ранковце, согласно Решение број 08-231/1 од 13.02.2024 година, постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, општина Ранковце преку Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, на 11.09.2025 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. **Барањето за пристап до информации од јавен карактер** поднесено од [redacted] до општина Ранковце, заведено под бр. 25-1205/1 од 09.09.2025 година **СЕ УВАЖУВА**.
   Се констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и како такви ќе бидат доставени до барателот информациите со кои располага општина Ранковце.

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

До општина Ранковце доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот на информации [redacted], кое е примено на 09.09.2025 година и заведено во архива под бр.25-1205/1, со кое Брателот бара преку е-маил да бидат доставени следните информации од јавен карактер:

1. Листа на правни лица/агенции со кои општината има потпишано договор за користење простор за поставување билборди/ситилајти/мегаборд за рекламирање.

2. Сите позиции одредени за билборди на општината (локација, адреса, GPS координати, опис, кому е доделена позицијата/правно лице/агенција).

3. Тип на билборди на територија на општината (бигборд, ситилајт, мегаборд (вклучително и уникатни шифри/кодови).

4. Вкупно доделени позиции/локации на маркетинг агенциите.

5. Договорите кои се склучени со правните лица/агенциите.

Постапувајќи по наведеното Барање за пристап до информации од јавен карактер, општина Ранковце врз основа на информациите со кои располага, а имајќи ја предвид горенаведената одредба од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на Барателот [redacted] му се доставуваат следните информации:

1. Општината нема потпишано договор за користење простор за поставување билборди/ситилајти/мегаборд за рекламирање со правни лица/агенции.

2. Општината нема одредено позиции за билборди.

3. Општината нема одредено тип на билборди (бигборд, ситилајт, мегаборд (вклучително и уникатни шифри/кодови).

4. Општината нема доделени позиции/локации на маркетинг агенциите.

5. Општината нема склучени договори со правни лица/агенции, за користење простор за поставување билборди/ситилајти/мегаборд за рекламирање.

Согласно горенаведеното општина Ранковце одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Службено лице за посредување**
**со информации од јавен карактер**
**Александар Стојановски**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

Доставено до:
- Барател на информацијата
- Архива

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 25-1205/7
12.09 2025 год.
РАНКОВЦЕ

До [redacted]

**Предмет: Достава на информација**

**Почитувани,**

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер кое е заведено во архива под број 25-1205/1 од 09.09.2025 година со кое барате од Општина Ранковце како информација од јавен карактер да Ви бидат доставени во електронски запис на е-маил определени информации Општина Ранковце донесе Решение со кое го уважи Вашето барање и констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и Ве известуваме за следното.

По разгледување на Барањето се констатира дека бараните информации се информации од јавен карактер и ќе бидат доставени во бараната форма и тоа:

Прилог:

- Решение бр. 25-1205/6 од 11.09.2025 година;

**Со почит,**

**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Александар Стојановски**
А. Ст

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ